РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 09-171/3
26.01.2024 ГОД.
РЕСЕН

**Предлози од заинтересираната јавност по Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменик на природата Преспанско Езеро (2024 – 2033)**

Од: Кирил Шентевски беа доставени следните предлози:

- Воспоставување на заштитен појас околу Преспанското Езеро со задолжителна конверзија од конвенционално во органско земјоделство како единствено решение за намалување на внесот на соединенија во Езерото кои потекнуваат од користењето на пестициди и вештачки ѓубрива. Изготвување на анализа и план, субвенционирање на постапката и производството преку општински, национални и меѓународни средства. Според резулататите, зоната за органско земјоделство би се проширила и во северниот дел на котилната со можност за целата општина.

- Формирање на работна група за подготовки на потпишување меѓународен договор со Република Грција за условите на управувањето на испустот на водата од Малото Преспанско езеро, односно меѓународна тужба против Република Грција за попречување на природниот пат на водата доколку нема заинтересираност од другата страна.

- Мораториум за сечење на листопадни шуми на целата територија на Општина Ресен, освен за потребите на жителите на општината и санкционирање на дивата сеча. Шумите имаат значително влијание во зачувување на водата и на издашноста на изворите, така што потребно е изготување на план за одржливо управување со шумите околу Преспанскиот слив. Тоа вклучува и организирано и промовирано сечење на засадените борови шуми онаму каде што ќе се утврди дека се пресушени изворите и намалени водите заради боровите шуми заради нивната особина, меѓу другите негативни аспекти. На нивно место би се посадиле листопадни шуми.

- Изготување на студија за можноста на продолжено задржување на дождовната вода во почвата на околните планини со правење на бразди и канали по изохипса, како начин за зголемување на издашноста на изворите и поттикнување на формирање на нови извори. Ангажирање меѓународен експерт доколку е потребно и правење на пилот проект како за почеток.

- Јавна објава од страна на ЈКП Пролетер дека жителите можат сами бесплатно да однесат отпад во општинската депонија, како единствено место за собирање на отпадот. Организирање на годишна акција за расчистување на диви депонии, секој септември на ден според Светскиот ден на чистење, со вклучување на вработените во администрација, ученици, компании, здруженија и вклученост на населението. Зголемен број на контроли и санкции на местата каде нелегално се фрла отпад.

## Одговор на поставените предлози

Предлозите, кои во законски предвидениот рок, беа доставени до Секторот за животна средина при општина Ресен се однесуваат на планскиот документ "**Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Планот за управување со Споменик на природата Преспанско Езеро (2024 – 2033)„** и во согласност со позитивната законска регулатива и подзаконските акти кои беа земени предвид при спроведување на постапката, како одговор на доставените предлози, укажуваме на следното:

1. Подрачјето во фокусот на овој документ е СП Преспанското Езеро (категорија III, според IUCN) со вкупна површина од 17.788,61 хектари. Прогласувањето го опфаќа делот од езерото кое припаѓа на Република Северна Македонија.
Површината на заштитеното подрачје СП "Преспанско Езеро„ е поделена на следните зони: **зона за строга заштита** (ЗСЗ), **зона за активно управување** (ЗАУ), **зона за одржливо користење** (ЗОК) и **Заштитен појас** (ЗП). Сите тие заедно сочинуваат 19 различни просторни сегменти.
Овој појас е воспоставен со цел да се **намалат ефектите од соседните подрачја надвор од заштитеното подрачје врз природните вредности** кои треба да се штитат или да се намалат влијанијата од една зона врз друга во самото заштитено подрачје. Површината на овој појас изнесува 1.276,15 ха.
Во табелата број 24, се дефенирани дозволените и забранитe активности во рамките на појасот, каде се гледа забраната на внес на штетни материи во езерото.

2. Договорот за заштита и одржлив развој на областа на Преспа Парк, ја признава заедничката одговорност за зачувување на екосистемот на сливот на Преспанското Езеро и неговите компоненти, како и за неговата природна убавина, како основа за економската и социјалната благосостојба на нејзините жители и за создавање економски можности за развој (вклучително земјоделство, риболов и туризам). И во член 2 од договорот, јасно кажано: Страните ќе соработуваат со цел да обезбедат интегрирана заштита на екосистемот и одржливиот развој на областа на Паркот Преспа, вклучително и развој на интегрирани планови за управување со речните сливови, според **меѓународните и стандардите на Европската Унија.**

3. Шумите и шумскиот фонд се во надлежност на МЗШВ – ЈП Национални шуми.
Во границите на заштитеното подрачје СП Преспанско Езеро нема шуми и согласно позитивната законска регулатива управувачот со заштитеното подрачје нема надлежност врз шумскиот фонд.

26.02.2024 година
Ресен

Раководител на Сектор за животна средина
Ајман Ал малла